


Aј да му ја речиме уште една,
да се сторат две песни.
Две очи мома има,
еден беше што пејеше,
буљбуљ во мај месец.

Aј да му ја речиме уште една,
да се сторат девет песни,
девет месеци жена носи,
осум моми на орото,
седум дена во недела,
шест месеци полгодина,
пет прсти на раката,
четири нозе крава има,
три нозе пирустија,
две очи мома има,
еден беше што пејеше,
буљбуљ во мај месец.